Години
Јубилеј
Diners Club
INTERNATIONAL
Кога **повеќе** значи **повеќе**!

Финансиско друштво за издавање и администрирање на кредитни картички
Динерс Клуб Интернационал МАК АД
Бр. 0302-906/1
07.05. 2024 год.
СКОПЈЕ

**ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА**
**„КОГА ПОВЕЌЕ ЗНАЧИ ПОВЕЌЕ "**

**Согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/2011, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22), се утврдуваат следните правила на наградната игра:**

**Член 1**
**ОРГАНИЗАТОР**

Организатор на наградната игра **„КОГА ПОВЕЌЕ ЗНАЧИ ПОВЕЌЕ"** (во понатамошниот текст "Наградна игра") е **ФД Динерс Клуб Интернационал МАК АД Скопје**, со седиште во Скопје, ул.Столтенбергова бр. 4/5, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: ОРГАНИЗАТОР).

**Член 2**
**ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ**

Наградната игра има за цел рекламирање на Динерс Клуб картичките за физички лица (приватни картички), издадени од ФД ДИНЕРС КЛУБ ИНТЕРНАЦИОНАЛ МАК АД Скопје.

**Член 3**
**ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Официјалното име на Наградната игра е **„КОГА ПОВЕЌЕ ЗНАЧИ ПОВЕЌЕ"**.
Наградната игра ќе започне од **15.05.2024** и ќе трае до **26.12.2024** година.

**Член 4**
**ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

**(1)** Квалификувани за учество во Наградната игра се сите полнолетни физички лица – државјани на Република Северна Македонија (лица со и над 18 - годишна возраст), со важечки личен документ, кои се корисници на Динерс Клуб основни и дополнителни приватни кредитни картички, а кои на денот на извлекување на наградата немаат блокирана картичка поради неподмирен долг.

**(2)** Право на учество:

- Право на учество за паричните награди, ќе имаат лицата кои во тековниот месец имаат направено трансакција на рати во износ еднаков или поголем од 3.000,00 МКД. Трансакцијата од тековниот месец ќе учествува во извлекувањето за тој месец.
- Право на учество за главната награда ќе имаат лицата кои во периодот од 15.05.2024 до 26.12.2024 имаат направено трансакција на рати во износ еднаков или поголем од 3.000,00 мкд.

**(3)** Трансакциите извршени од корисниците на дополнителните Динерс Клуб приватни картички се евидентираат во корист на корисникот на основната Динерс Клуб приватна картичка, односно носителот на кредитната партија.

**(4)** Право на учество во наградната игра немаат лицата вработени во ФД Динерс Клуб Интернационал МАК АД – Скопје (вклучувајќи ги и нивните потесни семејства, и тоа: родител, дете, брат, сестра и брачен другар/вонбрачен другар).

**(5)** Добитниците на награди во наградната игра ќе бидат извлечени по електронски пат преку компјутерска селекција. Наградите ќе бидат извлечени со помош на софтвер кој по однапред дефиниран алгоритам, автоматски ги извлекува случајните добитници.

**(6)** Доколку лицето од став 1, биде извлечено како добитник на награда во тековниот месец, следниот месец може повторно да биде извлечено.

**Член 5**
**ТЕРИТОРИЈА**

Наградната игра се организира за физички лица – корисници на активни Динерс Клуб приватни картички, на територијата на Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e Financave - Shkup
IV

**Член 6**
**ПОДАТОЦИ ЗА НАГРАДИ**

Во Наградната игра ќе бидат доделени следните награди:

| Вид на награда | Поединечна вредност | ДДВ 18% | Количина | Вкупна вредност без ДДВ | Вкупна вредност + ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| Парична награда | 3.000,00 МКД | / | 26 | 78.000,00 МКД | 78.000,00 МКД |
| Парична награда | 20.000,00 МКД | / | 13 | 260.000,00 МКД | 260.000,00 МКД |
| Парична награда | 30.000,00 МКД | / | 7 | 210.000,00 МКД | 210.000,00 МКД |
| Автомобил Peugeot 208 | 837.442,00 МКД | 150.740,00 МКД | 1 | 837.442,00 МКД | 988.182,00 МКД |
| | | 150.740,00 МКД | 47 | 1.385.442,00 МКД | 1.536.182,00 МКД |

**Член 7**
**МЕХАНИЗАМ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

**(1)** Лицата од член 4 став 1, квалификувани за учество во Наградната игра,за трошоци направени во Република Северна Македонија и странство, односно трансакции на рати во износ еднаков или поголем од 3.000,00 МКД, а извршено во периодот од 15.05. до 26.12 година, добиваат неограничен број на шанси за учество во тековниот месец за направената трансакција во Наградната игра.
**(2)** Доколку лицето од член 4 став 1, биде добитник на награда во тековниот месец, следниот месец може повторно да биде извлечено. Трансакцијата од тековниот месец ќе учествува во извлекувањето за тој месец.

**Член 8**
**ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Наградата ќе биде доделена само ако извлечениот учесник е квалификуван, има право на учество и ако целосно ги почитува Правилата на Наградната игра.

**Член 9**
**ДАНОЦИ, ЗАМЕНИ, ПРЕНОС И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДАТА**

**(1)** ОРГАНИЗАТОРОТ е одговорен за сите даноци, надоместоци или одговорности поврзани со наградата, вклучувајќи и данок на личен доход.
**(2)** Наградата не се пренесува ниту се препишува пред претходно доделување на истата.
**(3)** Главната награда не може да биде заменета за готовина.

**Член 10**
**КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

**(1)** ОРГАНИЗАТОРОТ има право личните податоци на добитникот да ги користи во своите идни маркетинг активности по претходно добиена писмена согласност од страна на добитникот за користење на неговите лични податоци.
**(2)** За целите на наградната игра, учесниците се согласни да се обработуваат следните лични податоци:
- Име и презиме;
- Адреса;
- Број на партија.

Република Северна Македонија Министерство за финансии - Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Financave - Shkup IV

**(3)** Доколку учесникот е добитник на некоја награда, да се објават на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ следните податоци:
- Име и презиме;
- Адреса.

**(4)** Учесникот се согласува да биде известен преку контакт е-меил адреса, неговиот контакт телефон и преку веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ.

**Член 11**
**ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

ОРГАНИЗАТОРОТ има право да ја откаже Наградната игра во било која фаза, по добивање на одобрение од Министерство за финансии со известување до јавноста преку веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ или социјалните мрежи, доколку настапи штетна последица предизвикана со кривично дело или поради делување на виша сила.

**Член 12**
**ОТСТРАНУВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА КОИШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА НАСТАНАТ**

Евентуално настанатите спорови помеѓу ОРГАНИЗАТОРОТ и учесниците во Наградната игра ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 13**
**ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ**

**(1)** Извлекувањето на наградите ќе се врши на следниот начин:
Добитниците на наградите во наградната игра ќе бидат извлекувани во 12 часот, по електронски пат преку компјутерска селекција во просториите на Динерс Клуб во периодот од 03.06.2024 година до 27.12.2024 година. Наградите ќе бидат извлечени со помош на софтвер кој по однапред дефиниран алгоритам, автоматски ги извлекува случајните добитници, согласно следниот распоред:

| Наградна Игра „КОГА ПОВЕЌЕ ЗНАЧИ ПОВЕЌЕ“ | МАЈ | ЈУНИ | | ЈУЛИ | | АВГУСТ | | СЕПТЕМВРИ | | ОКТОМВРИ | | НОЕМВРИ | | ДЕКЕМВРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 |
| Трансакции за период | 15-31.05 | 01-15.06 | 01-30.06 | 01-15.07 | 01-31.07 | 01-15.08 | 01-31.08 | 01-15.09 | 01-30.09 | 01-15.10 | 01-31.10 | 01-15.11 | 01-30.11 | 15.05- 26.12 |
| 2 x 3.000 МКД | 03.06 | 17.06 | 03.07 | 17.07 | 05.08 | 19.08 | 02.09 | 17.09 | 02.10 | 17.10 | 04.11 | 18.11 | 02.12 | |
| 1 x 20.000 МКД | 03.06 | 17.06 | 03.07 | 17.07 | 05.08 | 19.08 | 02.09 | 17.09 | 02.10 | 17.10 | 04.11 | 18.11 | 02.12 | |
| 1 x 30.000 МКД | 03.06 | | 03.07 | | 05.08 | | 02.09 | | 02.10 | | 04.11 | | 02.12 | |
| Peugeot 208 | | | | | | | | | | | | | | 27.12. |

**(2)** Извлекувањето на сите награди ќе се одвива во просториите на организаторот во 12 часот, во присуство на комисија составена од тројца официјални претставници, и тоа:
1. Двајца претставници од Динерс Клуб Интернационал МАК АД - Скопје.
2. Нотар од Република Северна Македонија

**(3)** При извлекувањето, ќе бидат извлечени 46 парични награди и 1 автомобил.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë ... Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave ... Shkup
IV

**Член 14**
**ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДАТА**

**(1)** Добитниците на наградите ќе бидат објавени во рок од 24 часа од извлекувањето на наградите на нивната контакт меил адреса и контакт телефон, како и на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ-www.diners.mk .
**(2)** ОРГАНИЗАТОРОТ ќе го извести добитникот за добиената награда на неговиот контакт телефон, контакт меил адреса и на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ www.diners.mk , а доколку добитникот на наградата има дадено своја согласност, ОРГАНИЗАТОРОТ може да ги користи неговите лични податоци и во маркетинг цели.
**(3)** Добитникот на главната награда е должен во рок од 60 дена од денот на објавување на резултатите од наградната игра преку веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ- www.diners.mk, својата контакт меил адреса и неговиот контакт телефон ја подигне наградата со приложување на важечки личен документ. Главната награда ќе биде подигната од продажниот салон на ЕУРОИМПЕКС на бул. Трета Македонска бригада бр. 72.
**(4)** Добитниците на паричните награди ќе ги добијат паричните средства во рок од 15 дена од објавување на добитниците, на нивните Динерс Клуб кредитни картички.
**(5)** Со конечната реализација на наградата престануваат сите обврски на ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра кон Добитникот.

**Член 15**
**ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Правилата на Наградната игра во целост ќе бидат објавени на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ www.diners.mk , по добивањето на согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија, а пред почетокот на Наградната игра.

**Член 16**
**ПРАВО НА ПРИГОВОР**

**(1)** Незадоволниот учесник во Наградната игра има право во рок од 3 дена од денот на објавување на добитниците на наградите да поднесе приговор до ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра, на Е-пошта: info@diners.mk, со назнака ПРИГОВОР за наградна игра КОГА ПОВЕЌЕ ЗНАЧИ ПОВЕЌЕ.
**(2)** ОРГАНИЗАТОРОТ е должен во рок од 5 (пет) дена од приемот на истиот писмено да одговори на добиениот приговор.

**Член 17**
**ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

**(1)** Право на учество во наградната игра немаат лицата вработени во Динерс Клуб Интернационал МАК АД – Скопје (вклучувајќи ги и нивните потесни семејства, и тоа: родител, дете, брат, сестра и брачен другар/вонбрачен другар).
**(2)** Доколку извлечениот добитник е дел од оваа група на лица нема да има право на наградата.
**(3)** Добитникот пред да ја подигне наградата ќе потпише потврда дека во своето најблиско семејство нема вработени од Динерс Клуб Интернационал МАК АД – Скопје.

**Член 18**
**НАЧИНИ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА**

За известување за Наградната игра ќе бидат користени следните средства:
1. Рекламни пораки на веб страната на Динерс Клуб Интернационал МАК АД – Скопје (www.diners.mk);
2. Веб банери;

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

3. E-mail и смс маркетинг;
4. Социјални медиуми.

**Член 19**
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Со исполнување на Правилата за учество во Наградната игра корисниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие правила ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на Наградната игра, односно до завршувањето на рокот за подигнувањето на наградата.

**За Приредувачот,**
**ФД ДИНЕРС КЛУБ ИНТЕРНАЦИОНАЛ**
**МАК АД СКОПЈЕ**
**Извршен директор,**
**Божидар Јанковски**